# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНА АГЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКИ ОБРАЗОВНИ ПРОГРАМИ И МОБИЛНОСТ

**Службен весник на РМ, бр. 24 од 25.02.2011 година**

### Член 1

Во Законот за основање на Национална агенција за европски образовни програми и мобилност („Службен весник на Република Македонија" број 113/2007), во членот 12 ставот 3 се менува и гласи:
„Управниот одбор го сочинуваат претседател и четири члена и тоа по двајца од Министерството за образование и наука и од Министерството за финансии и еден член од Агенцијата за млади и спорт."

### Член 2

Во членот 13 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:
„Претседателот на Управниот одбор треба да има познавање на програмите со кои менаџира Националната агенција."

### Член 3

Во членот 14 алинејата 4 се менува и гласи:
„- не ги извршува обврските утврдени со закон и статут."

### Член 4

Во членот 16 став 5 алинеја 4 зборовите: „со менаџирање со програмите на заедницата" се бришат.
По алинејата 4 се додава нова алинеја 5, која гласи:
„- да ги познава програмите на заедницата со кои менаџира Националната агенција."

### Член 5

По членот 21 се додава нов член 21-а, кој гласи:

### „Член 21-а

Вработените во Националната агенција се државни службеници, освен вработените кои вршат помошни и технички работи.
За вработените во Националната агенција кои вршат помошни и технички работи, во однос на правата и одговорностите од работен однос, се применуваат одредбите од Законот за работните односи, прописите од областа на здравственото, пензиското и инвалидското осигурување и колективен договор."

### Член 6

Актот за внатрешна организација и актот за систематизација на работните места во Националната агенција да се усогласат со овој закон во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

### Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".